COVER STORY

БЕРЗАНСКИТЕ СТОКИ ВОЛАТИЛНИ, ЗЛАТОТО РУШИ РЕКОРДИ

БАЛКАН

ЕДИНСТВЕНИОТ БОСАНСКО-ХЕРЦЕГОВСКИ ГРАД НА ЈАДРАНОТ ОЧЕКУВА РЕКОРДНА СЕЗОНА

СВЕТ

ТИЛ, БЕЗОС И ЗАКЕРБЕРГ ПРОДАДОА АКЦИИ ОД СВОИТЕ КОМПАНИИ ВРЕДНИ СТОТИЦИ МИЛИОНИ ЕВРА

ISBN 978-9989-2025-2-0

business magazine

Капитал

БРОЈ **1165** | **29 март 2024 петок**
година 25 | цена **200** ден.

КОМУ КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА ЌЕ ГО ПРОДАДЕ КАВАДАРЕЧКИ ЕУРОНИКЕЛ?

ТУРСКАТА ГРУПАЦИЈА ЈИЛДИРИМ РАБОТИ ВО 56 ЗЕМЈИ НА 5 КОНТИНЕНТИ

ИНТЕРВЈУА

ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ
министер за земјоделство

ЈА ЗАВРШИВМЕ БРАНАТА КОНСКО, НА РЕД Е СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ - РЕАЛИЗИРАМЕ СОН ПОСТАР ОД 50 ГОДИНИ

КРИСТИНА КРАЛИЧИН
писателка и поетеса

ВО БРЗАТА РЕКА НАРЕЧЕНА ЖИВОТ, КНИГАТА Е КАМЕНОТ ЗА ОДМОР, ПАУЗА ЗА ДУШАТА ИЛИ ПАК МОСТОТ СО КОЈ СЕ ПОВРЗУВААТ СЕТИЛАТА



АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
УНИБанка Твојата Банка
ProCredit Bank
NLB Banka

АЛКАЛОИД
СКОПЈЕ
Здравјето пред сè

ЗДРАВЈЕ БЕЗ РЕЦЕПТ

ДВОЈНО ДЕЈСТВО ДО ЦЕЛТА

БлокМАКС *Дуо*

Таблетите БлокМАКС *Дуо* се употребуваат како краткотрајна симптоматска терапија на лесна до умерена болка, како:

- ГЛАВОБОЛКА
- МИГРЕНА
- БОЛКА ВО ГРБОТ
- МЕНСТРУАЛНА БОЛКА
- ЗАБОБОЛКА
- РЕВМАТСКА И МУСКУЛНА БОЛКА
- БОЛКА ПРИ ПОБЛАГИ АРТРИТИЧНИ СОСТОЈБИ
- ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПОКАЧЕНАТА ТЕЛЕСНА ТЕМПЕРАТУРА И НА БОЛКИТЕ ВО ГРЛОТО
- ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА СИМПТОМИТЕ НА НАСТИНКА И НА ГРИП

facebook.com/zdravjebezrecept instagram.com/zdravjebezrecept/

Пред употреба задолжително да се прочита упатството. За индикациите, ризикот од употребата и за несаканите дејства на лекот консултирајте се со Вашиот лекар или со фармацевт.

06
COVER STORY
Светски пазари
Берзанските стоки нестабилни, златото руши ценовни рекорди

14
ИНТЕРВЈУ
Љупчо Николовски, министер за земјоделство, водостопанство и шумарство
Ја завршивме браната Конско, на ред е системот за наводнување - реализираме сон постар од 50 години

22
МАКЕДОНИЈА
Комерцијална банка успеа да најде купувач за Еуроникел
Нов сопственик на поранешен Фени ќе биде турската групација Јилдирим

26
РЕГИОН
Единствениот босанско-херцеговски град на Јадранот очекува рекордна сезона
Неум се радува на високите цени во соседна Хрватска

30
ЕКОНОМИЈА
Кој има најголем БДП per capita во Европа изразено според куповна моќ
Луксембург на врвот, Бугарија на дното

34
ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВОСТ
ЕУ донесе регулатива против greenwashing-от
Доста е веќе од манипулативниот зелен маркетинг на брендовите

40
СВЕТ
Технолошкиот сектор на врвот
Тил, Безос и Закерберг продадоа акции од своите компании вредни стотици милиони евра

COVER STORY
Светски пазари.....06
Берзанските стоки нестабилни, златото руши ценовни рекорди

ИНТЕРВЈУ
Љупчо Николовски.....14
министер за земјоделство, водостопанство и шумарство
Ја завршивме браната Конско, на ред е системот за наводнување - реализираме сон постар од 50 години

МАКЕДОНИЈА
Комерцијална банка успеа да најде купувач за Еуроникел.....22
Нов сопственик на поранешен Фени ќе биде турската групација Јилдирим

РЕГИОН.....26
Единствениот босанско-херцеговски град на Јадранот очекува рекордна сезона
Неум се радува на високите цени во соседна Хрватска

ЕКОНОМИЈА.....30
Кој има најголем БДП per capita во Европа изразено според куповна моќ
Луксембург на врвот, Бугарија на дното

ЕКОЛОГИЈА И ОДРЖЛИВОСТ
ЕУ донесе регулатива против greenwashing-от.....34
Доста е веќе од манипулативниот зелен маркетинг на брендовите

СВЕТ.....40
Технолошкиот сектор на врвот
Тил, Безос и Закерберг продадоа акции од своите компании вредни стотици милиони евра

НАУКА И ТЕХНОЛОГИЈА
Руско-британскиот нобеловец со ново големо откритие.....42
Новоселов и тимот пронајдоа невиден потенцијал во две соединенија на елементот рениум

ИНТЕРВЈУ.....44
Кристина Краличин, *писателка и поетеса*
Во брзата река наречена живот, книгата е каменот за одмор, пауза за душата или пак мостот со кој се поврзуваат сетилата

Импресум// Издава: Капитал Медиа Гроуп доо Скопје, бул. Партизански Одреди бр.17-1/16, п.фах 503, 1000 Скопје • Адреса на уредништвото на издавачот на медиум: бул. ВМРО бр.7, здрада 1, влез 1, кат 6, стан бр.31 • П. ФАХ 503, 1000 Скопје • Директор и одговорен уредник: Љупчо Зиков • Печати: Европа 92, ул. Крижевска бр.52, 2300 Кочани, Р. Македонија • Тираж: 3.000 примероци • Датум на печатење: 28.03.2024

Капитал Медиа Гроуп е членка на Асоцијацијата за заштита на печатени медиуми

Капитал Медиа Гроуп е членка на Советот за етика на медиумите во Македонија

ЗАМРЕ КРВОТОКОТ НА БАЛТИМОР

Мостот „Френсис Скот Ки“ во Балтимор се урна откако еден од неговите столбови беше погоден среде ноќ од контејнерскиот брод Дали, долг речиси 300 метри, кој бил полн со товар и пловел под знаме на Сингапур, но бил изнајмен од данската бродска компанијата Маерск. Секоја можност дека нападот на бродот бил терористички напад е отфрлена, објави ФБИ. Спасувачите извлекоа две лица од реката Патапско, едното неповредено, а другото во тешка состојба. Потрагата по шесте исчезнати работници престана во средата. Тие беа дел од градежната екипа која работела на мостот во моментот кога тој се урнал. Во реката паднале и три автомобили и два камиони. Мостот долг 1,6 милји, е крвотокот на пристаништето во Балтимор. Ја премостува реката Патапско, и годишно низ него минуваат 11,5 милиони возила. Затворањето на едно од главните пристаништа на источниот брег на САД се заканува да го попречи снабдувањето со стоки, од автомобили до јаглен и секакви други производи. Тоа може да создаде тесни грла и да ги зголеми трошоците, велат експертите. ■■■

HAMILTON

DUNE

PART TWO

ONLY IN THEATRES

LEGENDARY

Božinovski
WATCHES & JEWELRY

WARNER BROS.

БЕРЗАНСКИТЕ СТОКИ НЕСТАБИЛНИ, ЗЛАТОТО РУШИ ЦЕНОВНИ РЕКОРДИ

Се шпекулира дека цената на златото може да отиде и преку 2.300 долари за кратко време. Цените на бакарот паднаа бидејќи загриженоста за силата на кинеската економија и нејзиниот сектор на недвижности обременет со долгови ги рефокусираа инвеститорите.

СВЕТСКИ ПАЗАРИ

Минатата недела инвеститорите беа пријатно изненадени од швајцарската централна банка, која неочекувано ги намали каматните стапки за 0,25 процентни поени на 1,5 отсто. Таа е првата голема централна банка која ги намали каматните стапки, по долгиот циклус на затегнување на монетарната политика, што на пазарот се гледа како прв сигнал дека борбата против инфлацијата во западните земји е речиси добиена.

Пред нас е многу нестабилна недела за стоките и пазарите, особено за земјоделските стоки. Овој четврток ќе ги видиме критичните квартални извештаи на американската Агенција за храна и земјоделие (USDA) за залихите на американските земјоделци и намерите за сеидба за новата сезона (овој текст е затворен во вторникот, 27.03., н.з.). Секоја година ова е многу важен извештај кој на некој начин ја насочува трговијата во наредните недели и месеци и му го дава на пазарот првиот конкретен увид во намерите на производителите за новата сезона. Фондовите, како и сите останати кои учествуваат на пазарот, веќе неколку дена ги коригираат позициите пред овој извештај, бидејќи не мал број пати извештајот знаел да изненади.

Американските пазари на акции достигнаа нов врв по акциите на Федералните резерви. ФЕД се држи до својот „јастребски“ став, многу помалку невнимателен отколку во минатото, но тие сè уште се држат до трите намалувања на стапките во 2024 година и покрај изборите во САД. И покрај надежта на пазарот за намалување на каматната стапка, упорната инфлација во моментов останува и не покажува знаци на попуштање.

Меѓутоа, ако ги погледнеме подетално податоците, сè, од CPI, PPI, домувањето, податоците за вработувањето, и понатаму сугерираат дека американската економија останува отпорна на досегашните зголемувања на стапките, толку многу што некои аналитичари сега веруваат дека нема да видиме намалување на стапката оваа година, туку поверојатно на почетокот на 2025 година.

На валутните пазари вредноста на доларот се зголеми минатата недела, индексот на доларот (DXY) повторно е над 104 поени. Американската валута зајакна во однос на европската, а на почетокот на новата недела цената на еврото е на ниво од 1,083 долари. Минатата недела инвеститорите беа пријатно изненадени од швајцарската централна банка, која неочекувано ги намали каматните стапки за 0,25 процентни поени на 1,5 отсто. Таа е првата голема централна банка која ги намали каматните стапки, по долгиот циклус на затегнување на монетарната политика, што на пазарот се гледа како прв сигнал дека борбата против инфлацијата во западните земји е речиси добиена. Затоа оваа недела инвеститорите ќе се фокусираат на новите податоци за инфлацијата во САД, регионот и европските земји, кои би можеле да укажат кога централните банки ќе почнат да ги намалуваат каматните стапки.

Несогласувања во ЕУ околу паричната помош за Украина

Цените на златото минатата недела достигнаа ново историски највисоко ниво и сè уште има простор за раст бидејќи неколку земји се преокупирано со големо

купување периодов. Се шпекулира дека цената на златото би можела да порасне до 2.300 долари/тон. Централните банки, кои купија историски највисоки нивоа на злато во изминатите две години, ќе продолжат да бидат силни купувачи во 2024 година. Кина, најголемиот светски производител и потрошувач на злато, дава приоритет на зголеменото производство. Пекинг стекнува средства ширум светот за да ја постигне оваа цел. Во исто време, ја намалува изложеноста на доларот, главната фиат („Фиат“ значи дека некој одговорен дал дозвола, декрет или наредба. Владата на една земја или територија издава фиат или декретна валута., н.з.) валута на планетата.

Во Брисел се разговара за деликатниот случај околу средствата за Украина кои би можеле да се добијат од буџетот на Унијата. Прашањето за трошоците за одбрана длабоко ги поделува земјите на ЕУ. Додека холандскиот премиер Рутe е против тоа, германскиот канцелар Шолц се залага за доделување замрзнати руски средства на Киев, опција поддржана и од Белгија, што веднаш би предизвикало одмазда на Москва. Се проценува дека замрзнатите руски средства може да донесат три милијарди евра годишно. Сепак, оваа акција најверојатно ќе доведе до повлекување на целиот „незападен“ капитал што моментално е депониран во еврозоната. Тоа веројатно би бил крајот на еврото?!

Еве уште еден начин на кој геополитиката може да влијае на трговијата и стоките. Имено, веќе подолго време се договара изградбата на алтернативен канал на Суецкиот канал, т.н. Канал Бен Гурион. Зошто? Едноставно затоа што Суецкиот канал му дава на Египет премногу моќ. Со затворањето на Суецкиот канал, Египет би можел да ја фрли светската трговија на колена и да им диктира услови на целиот Запад и на Иран, Индија и Кина. Алтернативен канал ќе ги поврзе израелскиот град Еилат во Арапскиот Залив со Средоземното Море во северниот дел на Газа. Изградбата на алтернативен канал со години се преговара меѓу Лондон, Вашингтон и Ерусалим, а самиот канал ќе ѝ даде на оваа тројка контрола на главната транзитна рута за светската трговија. Изградбата на каналот се соочува со две непосредни пречки: Газа и Египет, но сигурно Кина и Русија нема да застанат настрана.

На пазарот за нафта помирно

Светските пазари конечно имаат мирна недела кога е во прашање нафтата. Цената не се менуваше многу на неделна основа, а трговците повеќе или помалку одмеруваа помеѓу проценката на трендовите на понудата и побарувачката во неделите и

Непотврдените гласини дека еден од главните извозници на жито во Русија е блокиран, предизвикаа метеж на пазарот. Трговците се исто така загрижени поради обновените тензии околу украинската инфраструктура. Последно, но не и најмалку важно, фондовите ги штитат нивните позиции на сè понеизвесниот пазар. Фјучерсите за пченка од јуни 2024 година, исто така, се искачија на 193,50 евра/тон, главно на бранот на раст на пченицата.

месеците што следуваат. Цената на барел нафта од типот „брент“ сè уште се движи меѓу 85 и 86 долари/барел, додека цената на барел нафта WTI се движи околу нивото од 81 долари. Кон средината на минатата недела цените паднаа бидејќи пазарот беше разочаран од оценката дека поради зголемената инфлација, американската ФЕД може да ги намали каматните стапки дури во втората половина од годината, додека дотогаш се очекуваше тоа да го направи во јуни. Тоа значи дека растот на најголемата светска економија, американската, би можел дополнително да забави пред ФЕД да почне да го стимулира, што би можело да предизвика слабеење на побарувачката за нафта.

Во четвртокот, пак, цените се стабилизираа бидејќи беше објавено дека залихите во САД паднале претходната недела, што ги намали стравувањата од слаба побарувачка. Се чини дека и понатаму доминира мантрата на оние што шпекулираат со растот на цени, со оглед на уште еден неочекуван пад на залихите на сурова нафта во САД минатата недела. Пазарот истовремено го вклучува и ризикот од нови нарушувања во снабдувањето. Украинските напади со беспилотни летала врз руските рафинерии потенцијално би можеле да го ограничат снабдувањето. Според некои проценки, тие досега блокирале седум отсто од капацитетот на руските рафинерии или околу 370.000 барели дневно. Доколку продолжат овие напади, руските производители би можеле да бидат принудени да го намалат снабдувањето поради проблеми со извозот и ограниченият капацитет за складирање.

Цените на европските фјучерси на природен гас TTF моментално се нешто под 29 евра/MWh, што е највисоко ниво од почетокот на февруари, откако нападот на концертна сала во близина на Москва ги зголеми регионалните тензии и загриженоста околу снабдувањето. Неодамнешните напади врз енергетските капацитети во Русија и Украина, исто така, ги зголемија цените. Во исто време, Freeport LNG (извозник на втечнет гас од Тексас, САД) рече дека неговата единица за втечнување Laine 3 е повторно во производство, но Laine 2 беше затворена и Laine 1 наскоро ќе биде затворена поради инспекции и поправки што се очекува да бидат завршени до мај. Исто така, побарувачката се очекува да се зголеми поради прогнозите за ниски температури пред нивното повторно покачување во април. Како и да е, се очекува цените да го вратат надолниот моментум со излегувањето на Европа од грејната сезона. Оваа промена, во комбинација со стабилното производство во Норвешка, зголеменото влијание на соларната енергија и европските резерви на гас кои остануваат стабилни на околу 59 отсто од капацитетот за складирање, треба да придонесе за намалување на ценовните притисоци.

Минатата недела Европската комисија предложи зголемување на царините за увоз на жита, маслодајни семиња и житни производи во ЕУ од Русија и Белорусија. Во зависност од производот, тарифите ќе се зголемат за 95 евра/тон или царина од 50 проценти. Понатаму, Русија и Белорусија повеќе нема да имаат пристап до никакви квоти за жито на СТО за ЕУ, која понуди

Наскоро во

business magazine Капитал

СПЕЦИЈАЛНИ ПРИЛОЗИ

- **ГРАДЕЖНИШТВО И НЕДВИЖНИНИ**
- **ЕДУКАТИВНОСТ**
- **БАНКИТЕ И БИЗНИСОТ**

И покрај неочекуваното забрзување на кинеското индустриско производство во февруари, загриженоста за кревкоста на побарувачката за индустриски стоки и нови домови ги намали очекувањата за купување на стоки во земјата.

подобар тарифен третман за некои производи. Во 2022/23 година увозот на мека пченица и сончогледово масло во ЕУ од тие две земји достигна 2,7 милиони тони. Уште поважни и со многукратно позначајно влијание врз цените би биле цариниte за украинската пченка доколку се ратификува она што беше предложено минатата недела. Тарифите би вклучиле увозен вишок во споредба со просекот од последните три кампањи. Просекот е 9,83 милиони тони. Во 2022/23 година ЕУ увезла 14,9 милиони тони пченка од Украина.

Метеж кај житарките

Пшениците порасна за речиси пет проценти минатата недела на берзата за суровини во Чикаго (CBOT), а краткорочната цел се чини дека е да се пробие нивото од 5,6 долари/бушел. Во исто време, пченката се движи околу нивото од 4,3 долари/бушел, но геополитиката и временските услови во САД ќе бидат најважните фактори за идните движења на цените. Истото може да се каже и за сојата, чија цена се движи околу нивото од 11,9 долари/бушел. На европскиот пазар на пченица во петокот доминираше остар раст на цените. Фјучерсите од мај 2024 година се зголемија за 7,5 евра/тон на 207,25 евра/тон, што е најголемо дневно зголемување на фјучерси на MATIF од јули 2023 година и суспензијата на руското учество во украинскиот извозен коридор воспоставен една година порано од ОН и Турција. Непотврдените гласини дека еден од главните извозници на жито во Русија е блокиран, предизвикаа метеж на пазарот. Трговците се исто така загрижени поради обновените тензии околу украинската инфраструктура. Последно, но не и најмалку важно, фондовите ги штитат нивните позиции на сè понеизвесниот пазар. Фјучерсите за пченка од јуни 2024 година, исто така, се искачија на 193,50 евра/тон, главно на бранот на раст на пшениците.

Цените на фјучерсите на бакарот паднаа кон границата 4 долари/фунта, откако речиси го достигнаа едногодишното високо ниво во средината на март. Цените паднаа бидејќи загриженоста за силата на кинеската економија и нејзиниот сектор на недвижности оптоварен со долгови ги рефокусираа инвеститорите по изненадувачкиот пораст на макроекономските најави и одлуките на топилниците да го олеснат производството.

И покрај неочекуваното забрзување на кинеското индустриско производство во февруари, загриженоста за кревкоста на побарувачката за индустриски стоки и нови домови ги намали очекувањата за купување на стоки во земјата. Ова се рефлектираше во порастот од 20 отсто на залихите на бакар во Кина во неделата што заврши на 15 март, додавајќи го сезонското надополнување на залихите и во согласност со неодамнешниот пад на премијата за бакар во Јангсан. Сепак, фјучерсите за бакар остануваат за пет отсто повисоки во месецот, поддржани од одлуката на топилниците да го намалат производството во погоните кои беа непрофитабилни поради недостаток на суровини.

ProCredit Bank
THE EBRD
Youth
IN BUSINESS PROGRAMME
ПроБиз
Пакет за поддршка на млади претприемачи
Дознајте повеќе на www.pcb.mk
European Bank for Reconstruction and Development
LUXEMBOURG
LET'S MAKE IT HAPPEN
Поддржано од
Sweden
Sverige
CEI

Изградбата на браната Конско е најголем и најзначаен проект од национален интерес за државата и граѓаните. Тоа не е и не може да биде проект на една или друга политичка партија, туку единствено проект на граѓаните. Браната Конско е најголемиот водостопански проект реализиран во последните 20 години, но и најголемиот инфраструктурен проект во гевгелискиот регион последниве 50 години. Сонот за изградбата на оваа брана започнува уште од 1973 година и денес тој сон стана реалност.“

INTERVIEW

ЉУПЧО НИКОЛОВСКИ

министер за земјоделство,
водостопанство и шумарство

ЈА ЗАВРШИВМЕ БРАНАТА КОНСКО, НА РЕД Е СИСТЕМОТ ЗА НАВОДНУВАЊЕ - РЕАЛИЗИРАМЕ СОН ПОСТАР ОД 50 ГОДИНИ

Пред околу две недели заврши изградбата на браната Конско, која што заедно со системот за наводнување кој веднаш потоа почна со изградба, ќе обезбеди квалитетно водоснабдување на цело Гевгелиско поле. Министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, Љупчо Николовски, којшто е особено горд што изградбата на браната почна и заврши во мандатот на владата на СДСМ, вели дека ова е најголемиот инфраструктурен проект во гевгелискиот регион последниве 50-тина години, што ќе помогне во неговиот вкупен економски развој. Со Николовски разговаравме околу значењето на проектот Брана Конско, но и за останатите крупни водоснабдувачки проекти што се реализираат во моментов.

▶ Министре, деновиве заврши изградбата на браната Конско, проект реализиран во мандатот на Владата предводена од СДСМ. Колку оваа капитална инвестиција е важна за земјоделците?

Изградбата на браната Конско е најголем и најзначаен проект од национален интерес за државата и граѓаните. Тоа не е и не може да биде проект на една или друга политичка партија, туку единствено проект на граѓаните. Браната Конско е најголемиот водостопански проект реализиран во последните 20 години, но и најголемиот инфраструктурен проект во гевгелискиот регион последниве 50 години. Сонот за изградбата на оваа брана започнува уште од 1973 година и денес тој сон стана реалност.

Изградбата на браната Конско ја започнавме во 2018 година и комплетно ја завршивме во 2024 година. Низ годините на изградба соочени бевме со многу предизвици, лошо подготвен проект кој мораше во самиот тек да се менува, потоа КОВИД криза, како и светска економска криза. Желбата овој проект да успее беше огромна и ниту еден пречка не нè запре, секој предизвик кој го имавме беше надминат.

Овој капитален проект е посебно важен за земјоделците, бидејќи подразбира ново вештачко езеро-акумулација и нов систем за наводнување, со кој се опфатени околу 6.500 хектари земјоделски површини, со што наводнуваните земјоделски површини ги зголемуваме за пет пати. Инвестицијата е вредна 2,7 милијарди денари или околу 44 милиони евра и ја обезбедува потребната вода за наводнување на земјоделските површини, во текот на целата година. Ова би значело помали трошоци и поконкурентно македонско земјоделско производство. Покрај наводнувањето на земјоделските површини, со овој проект го помагаме вкупниот економски развој во овој регион, создавајќи услови за развој на рурален туризам, спортски и рекреативен риболов.

Имав чест токму во 2018 година, заедно со тогашниот премиер Зоран Заев, да го притиснеме копчето кое означи старт на градбата од овој важен капитален проект за земјоделците и државата. Денес кога овој сон стана реалност, браната Конско наместо да биде проект на обединување, повторно сме сведоци на делби и политиканство, дека проектот не бил на оваа, туку некоја друга Влада. Ако претходната владејачка гарнитура имала за приоритет изградба на брани и системи за наводнување наместо статуи од бронза и фасади од гипс, можеби оваа брана ќе била готова уште порано. Она што е факт е дека реализацијата на капиталниот проект брана Конско започна со изградба во 2018 година и комплетно се заврши во 2024 година, а само ден по заокружувањето од изградбата на браната се започна со активностите за изградба на системот за наводнување Конско.

▶ Бевте министер за земјоделство и водостопанство кога почна изградбата на браната Конско, после извршувањето и на други функции сега сте повторно министер во истиот ресор и кога проектот финишираше, па како вие лично ја доживувате реализацијата на оваа значителна капитална инвестиција?

Лично јас браната Конско ја доживувам како нешто кое за мене ќе остави траен личен белег, но и ќе го мапира Министерството за земјоделство, како институција, која

изминативе седум години постигнала огромен успех во реализацијата на водостопански објекти. Имав чест токму во 2018 година, заедно со тогашниот премиер Зоран Заев, да го притиснеме копчето кое означи старт на градбата од овој важен капитален проект за земјоделците и државата. Уште повеќе бев среќен при секое доаѓање во увид на овој објект, гледајќи го како напредува од фаза во фаза. Го следев целиот процес на градба, а имав чест да присуствувам и на тестирањето на опремата. Тогаш влегов и во тунелот пред да се затвори капакот и сведочев на почетокот на првото полнење на браната.

Во изградбата на овој капитален проект свој придонес дадоа повеќе луѓе и институции. Наша желба беше сите тие луѓе да бидат поканети на настанот кој го организиравме за свеченото заокружување од изградбата на браната Конско за да лично видат и самите што сме направиле заедно и да бидат дел од заокружувањето на овој важен проект каде имале свој придонес.

Исто така браната Конско добива нова додадена вредност, бидејќи со грант од Кралството Шпанија, предвидена е изградба на пловечки фотоволтаици, со што ќе се намали цената на водата за наводнување, а ќе се зголеми енергетската независност на државата.

Сакам да истакнам дека ова е единствениот водостопански објект, каде веднаш по завршувањето на браната, само ден потоа, се почна и со изградба на хидросистемот за наводнување Конско, давајќи ги налозите за почеток

Овој капитален проект е посебно важен за земјоделците, бидејќи подразбира ново вештачко езеро-акумулација и нов систем за наводнување, со кој се опфатени околу 6.500 хектари земјоделски површини, со што наводнуваните земјоделски површини ги зголемуваме за пет пати. Инвестицијата е вредна 2,7 милијарди денари или околу 44 милиони евра и ја обезбедува потребната вода за наводнување на земјоделските површини, во текот на целата година. Ова би значело помали трошоци и поконкурентно македонско земјоделско производство.

со активностите за изградба на системот на избраниот консултант за имплементација на проектот Consulting Engineers Salzgitter.

▶ Веднаш по објавата за завршувањето на изградбата на браната Конско, од опозицијата излегоа со реакција дека тоа бил проект на ВМРО-ДПМНЕ, а дека вие како власт три години сте доцнеле со реализацијата. Како ги коментирате овие наводи на опозицијата?

Денес кога овој сон стана реалност, браната Конско наместо да биде проект на обединување, повторно сме сведоци на делби и политиканство, дека проектот не бил на оваа, туку некоја друга Влада. Јас секогаш сакам да зборувам со факти, па така и сега сакам граѓаните и земјоделците да ја знаат вистината.

Дури од далечната 1973 година датира идејата за изградба на браната Конско. Уште тогаш се дадени првите размислувања и технички решенија, како да се искористат водите од река Конска, како би можело да се наводнува Гевгелиското поле. Па така уште тогаш се подготвува студија од страна на Заводот за водостопанство на тогаш Социјалистичка република Македонија. Студија преку која се дефинира преградното место за формирање на акумулацијата Конско, дефинирајќи го уште тогаш овој капитален проект како стратешки објект. Реализацијата на овој важен национален проект, претставувала сон за секоја една генерација, во насока за обезбедување на квалитетно наводнување на земјоделското земјиште во Гевгелиското поле.

Првиот главен проект за ХМС „Гевгелиско поле“, Подсистем „Конско“, Брана Конско е изработен уште во 1979 година, од страна на „Мелиопроект“ - Скопје. Потоа во 2011 и 2012 година оваа проектна документација е обновена и се подготвил нов идеен и основен проект, од страна на Градежен институт „Македонија“- Скопје. МЗШВ потоа во 2015 година спроведува ограничена постапка за доделување договор за јавна набавка на работи – Изградба на брана Конско и потпишува Договор за изведување на работите со најповолниот изведувач. Ваквиот Договор со фирмата изведувач, Министерството го потпишува, иако се знае дека реализацијата на проектот може да биде неизвесна и доведена под знак прашалник, од причини што во тој момент за проектот сè уште нема издадено одобрение за градење, ниту пак е извршена пренамена на шумското земјиште, со трајна е трајна експропријација на делот за изградба на објектите.

При самиот тек на изградбата, поради лошо изработениот проект имаше потреба да се вршат многубројни измени на проектот. Ваквите измени беа поради лошите геодетски испитувања на земјиштето и честите свлечишта, а секоја измена на проектот во тек на градење, предвидува одново започнување на процедурата за вадење на градежна дозвола.

Ако претходната владејачка гарнитура имала за приоритет изградба на брани и системи за наводнување наместо статуи од бронза и фасади од гипс, можеби оваа брана ќе била готова уште порано. Она што е факт е дека реализацијата на капиталниот проект брана Конско започна со изградба во 2018 година и комплетно се заврши во 2024 година, а само ден по заокружувањето од изградбата на браната се започна со активностите за изградба на системот за наводнување Конско. Изградивме капитален проект важен за државата. Браната Конско ќе биде запишана во историските документи и ќе биде сведок на едно време, во кое приоритетите биле државнички, за доброто на граѓаните и за иднината на сите нови генерации, кои ќе ги живеат благодетите на она што ние го градиме денес.

▶ Само еден ден по изградбата на браната веднаш го започнавте процесот за изградба на системот за наводнување Конско, но и на уште три други системи за наводнување. Велите дека тоа е најголемата инвестиција до сега во водоснабдувањето. Кои се земјоделци имаат бенефит од овој проект и кога и какви резултати земјоделците можат да очекуваат?

Токму така, станува збор за до сега најголемиот водоснабдувачки проект и по површина и по вредност, што досега се реализира во државата. Станува збор за

проект, преку кој наводнуваме нови 13.500 хектари обработливо земјоделско земјиште, а вкупната вредност на проектот за изградба на сите четири системи изнесува 120 милиони евра.
Хидросистемот Конско е еден од четирите системи, заедно со системите Пепелиште, Страиште, и Лисиче, кои како дел од Програмата за наводнување на државата ги реализираме, инвестирајќи во изградба на цевководи со кои обезбедуваме наводнување, до нови 13.500 хектари обработливо земјоделско земјиште.
Придобивките за земјоделците од овие проекти се големи. Најголем бенефит од овие четири системи за наводнување имаат земјоделците од општините по текот на реката Вардар, а тоа се Велес, Чашка, Неготино, Демир Капија, Валандово, Гевгелија, Богданци и Дојран.
Имплементацијата на проектот е од страна на Министерството за земјоделство, а истиот го реализираме со помош на кредитната банка KFW од Сојузна република Германија. Преку заем од 80 милиони евра и грант од 2.8 милиони евра за поддршка на земјоделците и земјоделските задруги во овие област, како и средства од националниот буџет на државата.
Дека како министерство и Влада сме посветени во работата да обезбедиме можности повеќе за секој еден земјоделец, за секој еден човек, говори и фактот дека само еден ден по изградбата на браната Конско се започна постапката за изградба на системот за наводнување Конско.
Само за споредба, после 15 години од пуштањето на браната Лисиче, конечно денес, започнува изградбата и на системот за наводнување Лисиче. Конечно комплетирајќи ги сите три предвидени фази за работа на браната Лисиче.
Овие четири системи за наводнување се дел од Програмата за наводнување на Северна Македонија и се протегаат по сливот на реката Вардар. Станува збор за Хидросистем „Лисиче“, систем кој ги опфаќа земјоделците од општините Велес и Чашка, преку кој се обезбедува наводнување за 3.650 хектари земјоделско земјиште.
Потоа Хидросистем „Пепелиште“, кој ги опфаќа земјоделците од општините Неготино и Демир Капија, со наводнување на површини од 3.000 хектари. Третиот важен проект е Хидросистем „Страиште“, кој ја опфаќа општина Валандово, наводнувајќи земјоделска површина од 1.500 хектари. Четвртиот проект е Хидросистем „Конско“, кој опфаќа наводнување на 5.500 хектари земјоделско земјиште од општините Гевгелија, Богданци и Дојран.
Имаме потпишан договор со фирма консултант која има веќе добиени налози за започнување на активностите за изградба, односно подготовка на главни проекти за изградба на четирите проекти, подготовка на документација и распишување на постапка за изградба, надзор и имплементација на подготвените проекти за изградба на проектите. За сите овие четири проекти веќе се изработени посебни физибилити студии и проценка на еколошкото и социјалното влијание со што изводливоста и одржливоста на истите е потврдена.
За реализација на овие проекти подготвен и усвоен од Владата е Акциски план за спроведување на Програмата за наводнување на Северна Македонија. Со овој план се предвидуваат сите активности за проектирање, подготовка на документацијата и изградбата на сите четири системи за наводнување да бидат завршени во рок од 60 месеци од денот на воведувањето во работа на консултантот за имплементацијата, со гарантен период од 12 месеци.
Ваквите проекти треба да нè обединуваат, да бидеме горди на овие успеси. Сме докажале дека можеме подобро, дека можеме повеќе да направиме за секој граѓанин.

Често велите дека инвестициите во водоснабдувањето се еден од приоритетите на Министерството, на кои сè проекти во водоснабдувањето работите во моментов?

Не може да има квалитетно земјоделско производство без редовно наводнување, без модерни системи за наводнување на земјоделските површини. Токму затоа инвестирањето во изградба на нови и реконструкција на постојните системи е еден од нашите главни приоритети во работата сите овие години. Посветено градиме модерни системи за наводнување, обезбедувајќи сигурно земјоделство.
Покрај браната Конско и изградбата на четирите системи за наводнување Конско, Лисиче, Пепелиште и Страиште, активно работиме и на многу други проекти во водоснабдувањето. Во моментов речиси на целата територија на државата имаме активни проекти за модерни хидросистеми.
Завршени се системите Славишко

поле, Чаушица, Конопница и Пишица, а во завршна фаза е системот Теарце. Тековно се градат системите Колибари и Пумпна станица Дебар. Непречено се одвиваат работите за реализација на капиталниот проект Равен Речица и брана Речани, а оваа година ќе започне тендерска постапка за нова брана, Брана Слупчане. Во тек е и проектирањето на Втора фаза од системот за наводнување Равен Речица, во фаза на потпишување е Договор за мал систем за наводнување во Општина Сарај. Дополнително пак со средства од ИПА фондовите одобрени се уште два капитални проекти, изградба на хидросистеми за наводнување во Сопот и Новаци.

Градиме и обезбедуваме вода за земјоделците, ги зголемуваме површините, го зголемуваме производството, ја зголемуваме домашната економија. Одиме напред во секој поглед и не застануваме.

Често пати при теренските средби со земјоделците еден од проблемите што го посочуваат е работата на АД Водостопанство. И повторно да зборуваме со факти. Пред 2016 година успешно функционирал еден систем со тогаш водни заедници кои управувале самостојно со системите за наводнување. Систем што тогашната власт на ВМРО-ДПМНЕ го уништи, носејќи закон со кој функционалните водни заедници ги укинува и го централизира системот на управување со системите за наводнување преку АД Водостопанство.

Градиме и обезбедуваме вода за земјоделците, ги зголемуваме површините, го зголемуваме производството, ја зголемуваме домашната економија. Одиме напред во секој поглед и не застануваме. Модернизацијата и вложувањето во квалитетни системи за наводнување е еден од петте главни приоритети во нашата работа како министерство. Обезбедуваме наводнување и ја ставаме во функција за производство на храна секоја земјоделска површина. Директно помагајќи ги земјоделците, обезбедуваме богат и квалитетен род домашна македонска храна.

На овој начин тогаш ВМРО-ДПМНЕ свесно ја има направено најголемата штета за земјоделците што ги користат овие системи за наводнување, а денес без никаков срам зборуваат за тоа, повторно без да понудат некое решение за проблемот што го направиле.

За разлика од нив, ние посветено водиме грижа за земјоделците и имаме решение за овој проблем. Решение на кое овие години заедно со мојот тим во министерството напорно работевме. Подготвивме и Владата веќе го усвои, јасен план за реорганизација и реструктурирање на друштвото кој ќе започне со спроведување, чии што основи се темелат на подобрено организациско постапување и подобрено финансиско работење, како и модернизирање и дигитализација на процесите на управување и контрола. Ние за разлика од ВМРО ДПМНЕ системски ги решаваме проблемите на земјоделците. Целта преку овој план е функционално управување со системите за наводнување, зголемување на површините за наводнување и зголемување на земјоделското производство. Модернизацијата и вложувањето во квалитетни системи за наводнување е еден од петте главни приоритети во нашата работа како министерство. Обезбедуваме наводнување и ја ставаме во функција за производство на храна секоја земјоделска површина. Директно помагајќи ги земјоделците, обезбедуваме богат и квалитетен род домашна македонска храна.

Најлесниот начин за прифаќање безготовински плаќања

Претвори го твојот смартфон во **POS терминал**

NLB
Smart POS

NLB Banka

КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА УСПЕА ДА НАЈДЕ КУПУВАЧ ЗА ЕУРОНИКЕЛ

НОВ СОПСТВЕНИК НА ПОРАНЕШЕН ФЕНИ ЌЕ БИДЕ ТУРСКАТА ГРУПАЦИЈА ЈИЛДИРИМ

За Еуроникел има стечајно рочиште на 2 април во судот во Кавадарци, а вработените очекуваат вест за тоа каква стечајна маса ќе се собере за исплата на 2,1 милион евра за заостанати плати. Од Комерцијална банка, пак, стигнуваат оптимистички најави дека тие барале сериозен инвеститор што ќе ја продолжи работата и дека на таков ја продале фабриката за преработка на никелова руда.

Комерцијална банка кон крајот на минатата година се стекна со сопственост врз металуршкиот комбинат Еуроникел, поранешен Фени, каде што банката беше главен доверител. Од Банката велат дека останувааат посветени и понатаму да придонесат со сите свои капацитети за фер наплата на доверителите и вработените во рамките на стечајната постапка. Прв услов за тоа е сите должници на Еуроникел веднаш да ги платат своите обврски.

Турската компанија Yildirim Group, преку нејзината холандска компанија Polynickel Holding BV ќе биде нов сопственик на Еуроникел, поранешен Фени.
За ваквата разврска на домашниот голем индустриски капацитет, преку соопштение до Македонската берза, извести Комерцијална банка, која е сопственик на имотот на комбинатот. Вредноста на зделката е 40 милиони евра.
Од банката посочија дека за завршување на постапката треба да се исполнат и законски и регулаторни барања. Во исто време, Комерцијална со групацијата Yildirim склучи договор за продажба и на имотот на фабриката Нова Рефрактори во Пехчево, поточно 31,3 милиони евра ќе добие за Еуроникел, а 8,7 милиони евра за Нова Рефрактори.
„Убедени сме дека продажбата е долгорочно решение за комбинатот Еуроникел имајќи го предвид кредибилитетот и капацитетот на Yildirim групацијата. Веруваме дека со ова е надминат неизвесниот период за сите доверители и, пред сè, за вработените во комбинатот, кои покажаа максимална посветеност и професионалност и покрај тешката состојба во која се најдоа не по нивна вина.“, рекоа од Комерцијална банка.
Групацијата Yildirim е глобален индустриски конгломерат со седиште во Истанбул и во Амстердам. Основана е во 1963 година и моментално работи во 56 земји на 5 континенти, вработува 25.000 лица во девет индустрии: метали и рударство, управување со пристаништа, вештачки ѓубрива и хемикалии, енергија и енергетски производи, транспорт и логистика, финансиски услуги, градежништво и недвижности и меѓународната трговија.

Вработените очекуваат да останат сите на работа и да ги добијат заостанатите плати

За потсетување, Комерцијална банка кон крајот на минатата година се стекна со сопственост врз металуршкиот комбинат Еуроникел, поранешен Фени, каде што банката беше главен доверител. Информацијата беше соопштена

Еуроникел индустри подолго време се соочуваше со тешкотии во работењето, а синдикатот неколку пати со протести и блокади на патишта го изрази својот револт, барајќи што побрзо да се изнајде нов инвеститор и да се реши судбината на околу 800 вработени и плус соработници на гигантот кој е важен за кавадаречката и македонската економија.

преку Македонската берза, при што наведе дека во постапка за присилна наплата на побарувања од должникот Еуроникел индустри ДОО с. Возарци Кавадарци, Банката се стекна со сопственост врз недвижен и подвижен имот за вкупна цена од 37.897.993 евра.
Еуроникел индустри подолго време се соочуваше со тешкотии во работењето, а синдикатот неколку пати со протести и блокади на патишта го изрази својот револт, барајќи што побрзо да се изнајде нов инвеститор и да се реши судбината на околу 800 вработени и плус соработници на гигантот кој е важен за кавадаречката и македонската економија.
За Еуроникел има стечајно рочиште на 2 април во судот во Кавадарци, а вработените очекуваат вест за тоа каква стечајна маса ќе се собере за исплата на 2,1 милион евра за заостанати плати. Од Комерцијална банка, пак, стигнуваат оптимистички најави дека тие барале сериозен инвеститор што ќе ја продолжи работата и дека на таков ја продале фабриката за преработка на никелова руда.
„Во целиот изминат период од декември 2023 година, кога Комерцијална банка го презеде имотот на комбинатот во своја сопственост, бевме посветени на наоѓањето сериозен инвеститор кој ќе ја продолжи дејноста на еден од најзначајните индустриски капацитети во земјата. Со цел да се одржи комбинатот во добра состојба за безбедно и ефикасно рестартирање на производниот процес, Банката во изминатите четири месеци обезбеди речиси 100 милиони денари за одржување на технолошкиот минимум на комбинатот и за давање шанса за продолжување на работењето. Банката останува посветена и понатаму да придонесе со сите свои капацитети за фер наплата на доверителите и вработените во рамките на стечајната постапка. Прв услов за тоа е сите должници на Еуроникел веднаш да ги платат своите обврски.“, истакнуваат од Комерцијална банка во дописот до Македонска берза.

Средба со новиот менаџмент

Инаку, претставниците на синдикатот до крајот на неделава ќе имаат официјална средба со новиот менаџмент на која

очекуваат прецизни информации (овој текст е пуштен во печат во вторникот, 26 март, н.з.).
„Официјален состанок, ние како синдикат очекуваме или утре или во тек на неделата. Да се претставиме пред новиот менаџмент и да им кажеме дека ние како синдикат, без нас нема да може да оди работат бидејќи човечкиот ресурс е многу битен за секоја компанија, а особено за овој комбинат во којшто работат 740 луѓе. Од неофицијални разговори, од нивна страна било кажано дека сакаат сите вработени кои биле ангажирани во минатиот период да останат во комбинатот“, изјави за медиумите Игор Герасов, претседател на Синдикатот на индустрија, енергетика и рударство.
Еуроникел престана со производство кон крајот на октомври минатата година а вработените преку синдикатот издејствуваа печката да не се изгаси и со тоа да пропадне можноста комбинатот да добие нов сопственик. Следната недела во судот во Кавадарци ќе се одржи првото рочиште во рамките на стечајната постапка, а долгот кон вработените е 2,1 милион евра.
„Сите податоци се објавени во Основниот суд во Кавадарци. Не можеме со сигурност да кажеме дали претходната компанија има средства да ги наплатиме нашите побарувања. Вработени и наши членови ни кажаа дека бившата компанија има легура која се одржува во печка и репроматеријали кои се надеваме дека новите сопственици ќе ги откупат и со тие пари ќе ги наплатиме нашите плати и придонеси за четири месеци“, рече Герасов. ■■■

КОЈ Е НОВИОТ СОПСТВЕНИК НА КАВАДАРЕЧКИ ЕУРОНИКЕЛ?

Почетоците на Yildirim групацијата датираат од 1963 година, кога, сега веќе покојниот, Гарип Јилдирим основал компанија за трговија со градежен материјал наречена Garip Yildirim and Sons во Самсун, Турција. Од своето основање, Групацијата континуирано го проширува својот фокус преку нови подружници преку претприемништво и постојани иновации, еволуирајќи во индустриски диверзифицирана група на компании, како и во една од најбрзо растечките турски индустриски групи во земјата.
Втората генерација е активна во работењето на Компанијата од 1995 година. Групацијата Yildirim е бизнис во семејна сопственост, 100% со приватен капитал и управуван од браќата Али Риза и Роберт Јуксел Јилдирим. Нејзината деловна структура обезбедува страсна мотивација за одржлив раст, како и способности за брзо и здраво донесување одлуки, се вели на официјалниот вебсајт на компанијата.
Од 2008 година, кога Yildirim Group го направи своето прво меѓународно преземање во Шведска, Групацијата прерасна во глобална корпорација со седиште во Истанбул, Турција, со операции во 9 сектори во 56 земји на 5 континенти. Групацијата на компании Yildirim вработува повеќе од 25.000 луѓе ширум светот.

ЕДИНСТВЕНИОТ БОСАНСКО-ХЕРЦЕГОВСКИ ГРАД НА ЈАДРАНОТ ОЧЕКУВА РЕКОРДНА СЕЗОНА

НЕУМ СЕ РАДУВА НА ВИСОКИТЕ ЦЕНИ ВО СОСЕДНА ХРВАТСКА

Босна и Херцеговина има едно мало делче од јадранскиот брег, каде што е лоциран градот Неум, којшто годинава очекува рекорден број на туристи, незапамтен последниве 20-тина години. Дури и од соседна Хрватска доаѓаат на летување во Неум, поради значително пониските цени.

Годинава Неум очекува рекорден број гости и посети какви што не можеше да се замислат во последните две децении, што се потврдува и со фактот дека најголемиот дел од сместувачките капацитети во единствениот босанско-херцеговски град на море се пополнети дури и за периодот по главната сезона.

Градоначалникот на Неум, Драган Јурковиќ, за порталот Klix.ba вели дека Неум секоја година е сè поатрактивна дестинација за туристите и дека овој тренд ќе продолжи и оваа година.

Според него, хотелиерите и туристичките работници, како и општина Неум, веќе се задоволни од најавите за доаѓање гости во Неум, поради што активно работат на уредување на плажите, шеталиштата и улиците, како и на бројни објекти за пречек на гостите на најдобар можен начин.

„Сега планираме да го завршиме уредувањето на шеталиштето до почетокот на сезоната и да поставиме полуподземни контејнери со капаци кои задржуваат непријатен мирис и визуелно се многу поубави од класичните контејнери. Покрај тоа, имаме дел од шеталиштето од хотел Гранд до пазарот, односно централниот паркинг, кој исто така планираме да го уредиме до почетокот на сезоната. Се надевам дека ќе успееме во ова и дека успешно ќе ги реализираме нашите планови поврзани со брегот и најважниот дел покрај морето, којшто ќе биде подготвен да ја дочека сезоната“, изјави Јурковиќ.

Активирањето на аеродромот во Мостар ќе донесе уште повеќе туристи

Што се однесува до доаѓањето на гости, како што вели тој, хотелиерите не паметат дека претходно имале толку резервации, бидејќи многумина кои планирале да летуваат на брегот на Јадранот во БиХ, според него, веќе ги резервирале своите места, па така многу сместувачки капацитети се пополнети, не само за претсезоната и главната сезона, туку и за периодот по сезоната.

„Согласно интересот на гостите и резервациите забележани од самиот почеток на годината, очекуваме дека оваа сезона ќе биде многу добра, можеби и најдобра во последните 20 години, како по бројот на гостински ноќевања, така и по сè друго поврзано со успешен туризам во Неум“, вели Јурковиќ.

Тој потсетува дека минатата година во Неум дошле голем број гости дури и од соседна Хрватска, бидејќи разликата во цените во единствениот приморски град на БиХ била за 30 до 50 отсто пониска, а судејќи според моменталната ситуација, се очекува јагмата за летување во Неум кај Хрватите да продолжи.

„Се очекува овој тренд да продолжи и оваа година, бидејќи и покрај корекциите на цените, престојот на брегот на Јадранското Море во Хрватска и понатаму е значително поскап отколку кај нас, а факт е дека на крајот цената е еден од клучните фактори за многумина при изборот на место за одмор“, вели градоначалникот.

Популарноста на Неум, смета тој, дополнително ќе порасне со заживувањето на аеродромот во Мостар, кој од април годинава воведува нови авио линии и се поврзува со остатокот од светот, што ќе им овозможи на бројните гости да стигнат до Неум на само еден час возење од Мостар по новиот автопат. ■■■

„Согласно интересот на гостите и резервациите забележани од самиот почеток на годината, очекуваме дека оваа сезона ќе биде многу добра, можеби и најдобра во последните 20 години, како по бројот на гостински ноќевања, така и по сè друго поврзано со успешен туризам во Неум“, вели градоначалникот Драган Јурковиќ.

КАКО ДА НАПРАВИТЕ ПЛАН ЗА ЗАШТЕДА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА?

1. Направете анализа на потрошувачката во домот

2. Дознајте кои уреди во домот трошат најмногу енергија



3. Развијте го планот со комбинација од мерки, со и без инвестиција

4. Спроведувајте го планот, по потреба коригирајте го и надградувајте го



ЕНЕРГИЈАТА *треба* **ШТЕДИ**

треба да се

EVN

КОЈ ИМА НАЈГОЛЕМ БДП PER CAPITA ВО ЕВРОПА ИЗРАЗЕНО СПОРЕД КУПОВНА МОЌ

ЛУКСЕМБУРГ НА ВРВОТ, БУГАРИЈА НА ДНОТО

Од земјите во регионот, Словенија е на чекор до европскиот просек, Хрватска е веднаш до Унгарија, со малку намалено заостанување зад просекот на Унијата, додека на опашката и натаму е Бугарија, покажаа новите проценки на Евростат.

Луксембург и Ирска беа на чело на ЕУ и во минатата 2023 година во однос на висината на домашниот бруто-производ (БДП) по жител, изразен според куповната моќ, а од земјите во регионот, Словенија е на чекор до европскиот просек, Хрватска е веднаш до Унгарија, со малку намалено заостанување зад просекот на Унијата, додека на опашката и натаму е Бугарија, покажаа новите проценки на Евростат.

Во 2023 година, домашниот бруто-производ (БДП) по глава на жител изразен во стандардите за куповна

моќ се движеше помеѓу 64 отсто од просекот на ЕУ во Бугарија и 240 отсто во Луксембург.
БДП на Луксембург по жител, изразен според стандардот на куповна моќ, беше речиси два и пол пати поголем од просекот на ЕУ минатата година, објави Евростат во прелиминарните проценки.
Според Евростат, непроменетата позиција на Луксембург на врвот на листата на земји од ЕУ се објаснува со големиот удел на странски работници во работната сила.
Овие работници иако учествуваат во креирањето на БДП, не се вклучени во резидентното население кое се користи за пресметување на БДП по жител“, потсетуваат во извештајот.
Нивните распределби на трошоците се евидентираат во националните сметки на нивните матични земји, објаснуваат тие.

Ирците „ги вадат“ големите мултинационални компании

Ирска повторно го зазеде второто место во рангирањето, со БДП по глава на жител, изразен во однос на куповната моќ, нешто повеќе од двојно повеќе од просекот на ЕУ.
Високото ниво на БДП по жител во Ирска делумно може да се објасни со присуството на големи мултинационални компании со вредна интелектуална сопственост, потсетува европскиот завод за статистика.
Договорното производство со овие средства е вклучено во БДП, а голем дел од приходот се враќа на крајните сопственици на компаниите во странство, се додава во соопштението.
Понатаму следат Холандија и Данска, со БДП по глава на жител за 30 и 28 отсто повисок од европскиот просек, соодветно.
Следат Австрија со 23 отсто поголем БДП од просекот на Унијата, како и Белгија и Шведска, чиј БДП е за 17 отсто поголем од просекот.
Германија, најголемата европска економија, минатата година го надмина европскиот просек за 15 отсто во однос на БДП по глава на жител.
Франција и Италија се блиску до просекот на Унијата и малку под просекот на еврозоната, кој е четири отсто поголем од просекот на 27-членатa ЕУ.
Словенија, Чешка и Шпанија заостануваат зад просекот на Унијата за околу 10 отсто во однос на БДП по жител.
Во Естонија, Полска и Романија, БДП по жител беше за околу 20 отсто помал од просекот на ЕУ минатата година.

Хрватите мрдаат кон напред

Во 2023 година и Хрватска забележа подобрување во однос на претходната година, со БДП по жител, изразен во однос на куповната моќ, за 24 отсто помал од просекот на ЕУ. Во 2022 година беше за 27 отсто зад просекот на Унијата.
Минатата година Унгарија беше изедначена со Хрватска, додека





Минатата година Унгарија беше изедначена со Хрватска, додека Летонија и Грција беа речиси 30 отсто под просекот. Грција и Бугарија ја надминаа таа граница, со БДП по жител, изразен во однос на куповната моќ, за 33 и 36 отсто помал од просекот на Унијата, покажуваат пресметките на Евростат.



БДП на Луксембург по жител, изразен според стандардот на куповна моќ, беше речиси два и пол пати поголем од просекот на ЕУ минатата година, објави Евростат во прелиминарните проценки.

Летонија и Грција беа речиси 30 отсто под просекот.
Грција и Бугарија ја надминаа таа граница, со БДП по жител, изразен во однос на куповната моќ, за 33 и 36 отсто помал од просекот на Унијата, покажуваат пресметките на Евростат.
Во меѓународните споредби на податоците за националните сметки, како што е БДП по глава на жител, пожелно е не само да се изразат бројките во заедничка валута, туку и да се приспособат за разликите во нивоата на цените. Ако не се стори тоа, ќе резултира со преценување на нивоата на БДП за земјите со високи нивоа на цени, во однос на земјите со ниски нивоа на цени.

ДАЛИ СТЕ ПОДГОТВЕНИ ЗНАЧИТЕЛНО ДА ГО ПОДОБРИТЕ ВАШИОТ ЖИВОТЕН СТИЛ?

Доколку сакате вашата иднина да ја градите на најдобрата локација во Скопје и сте во потрага по современ простор, со впечатлива архитектура, уникатен дизајн и максимална функционалност, ние го имаме вистинскиот избор за вас – комплексот „Гранд Скопје“.

Искористете ја единствената можност и побарајте персонализирана понуда во продажниот салон на комплексот „Гранд Скопје“ во ГТЦ на 1 кат или контактирајте го тимот задолжен за продажба на телефонските броеви: 070 355 351 и 070 233 055, како и на e-mail: info@grandskopje.mk.

ЕУ ДОНЕСЕ РЕГУЛАТИВА ПРОТИВ GREENWASHING-ОТ

ДОСТА Е ВЕЌЕ ОД МАНИПУЛАТИВНИОТ ЗЕЛЕН МАРКЕТИНГ НА БРЕНДОВИТЕ

Регулативата што Европската комисија ја донесе неодамна со цел стопирање на лажниот „зелен“ маркетинг пропишува дека отсега сите компании што работат или продаваат производи во ЕУ ќе мора да поднесат и докази дека навистина се зелени, јаглеродно неутрални, рециклирачи... Се покажало дека дури 53% од зелените маркетиншки тврдења се потполно лажни или погрешно наведувачки.

Меѓународната фудбалска организација ФИФА на сите звона се фалеше дека Светското првенство во Катар во 2022 година е нејзино прво „јаглеродно неутрално натпреварување“. Публиката се надеваше дека спортските функционери се вразумиле и прифатиле зелени политики, но многу брзо се покажа дека работата е нешто поинаква. Всушност, не „нешто“. Целосно. Всушност, Светското првенство во Катар ја освои „титулата“ на мундијал кој ја загадил животната средина повеќе од било кој друг претходно. Откако еколошките организации од Обединетото Кралство, Белгија, Франција, Холандија и Швајцарија испратија поплаки поради лажен маркетинг, Швајцарската комисија за правичност (Swiss Fairness Commission) ја презеде работата во свои раце.

По спроведената истрага, беше заклучено дека прозивките се во ред и од ФИФА беше побарано да ја докаже својата јаглеродна неутралност. Се разбира, таа не успеа да го стори тоа и на тој начин се приклучи на долгата листа на компании и организации кои се возат на бранот на одржливост и грижа за животната средина само за да го подобрат својот имиџ и да ја задоволат јавноста, што е познато како greenwashing.

Европската унија одлучи да стави крај на оние „гринвошери“ кои ги лажат потрошувачите и само им ги замачкуваат очите. Европската комисија ја донесе Директивата за зелени тврдења за да го запре манипулативниот маркетинг, па отсега сите компании кои работат или продаваат производи во ЕУ ќе мора да обезбедат докази дека се навистина зелени, неутрални за јаглерод, рециклирачи... Таа го избра овој поостар пристап откако сфаќајќи дека повеќе од половина од потрошувачите купуваат производи имајќи ја предвид

одржливоста, но и дека дури 53 проценти (истражување од 2020 година) од тврдењата за зелен маркетинг се целосно лажни или погрешно наведуваат.

Остри санкции за прекршителите

Пред да се користи некој трендовски зелен термин од типот на „нештетно за океаните“, „одржливо“ или „рециклирано“ во маркетиншката комуникација или на етикетите, брендовите ќе мора да го пријават тоа до телата задолжени од ЕУ за верификација. Доколку ги прекршат правилата, им се заканува отстранување на производот од пазарот, како и парична казна од најмалку четири отсто од нивниот годишен приход. Директивата не се однесува на микро-претпријемачите, односно оние кои имаат помалку од десет вработени и помалку од два милиони евра приход годишно, но ги опфаќа компаниите кои работат надвор од ЕУ и ги пласираат своите производи на европскиот пазар. Има и период на прилагодување: земјите-членки имаат 18 месеци да ја применат Директивата во пракса. Се разбира, новите правила нема целосно да го искоренат greenwashing-от, но тие се прилично голем чекор напред со којшто, се надеваат во ЕК, ќе воведат ред на пазарот.

Дека е тоа така покажува и веста која пред извесно време беше објавена на веб-страницата на Комисијата. Имено, шопинг платформата Zalando вети дека до средината на април целосно ќе ги отстрани погрешните етикети и тврдења од своите страници. Така, на пример, наведе дека ќе го отстрани знамето кое е симбол на одржливост, симболите на лисјата или дрвјата што се прикажани до производите, но и ќе ја уреди својата страница за одржливост, која, од една страна, ќе содржи детални информации за производите и, од друга страна, информации за зелените стратегии и проекти на компанијата.

Пред да се користи некој трендовски зелен термин од типот на „нештетно за океаните“, „одржливо“ или „рециклирано“ во маркетиншката комуникација или на етикетите, брендовите ќе мора да го пријават тоа до телата задолжени од ЕУ за верификација. Доколку ги прекршат правилата, им се заканува отстранување на производот од пазарот, како и парична казна од најмалку четири отсто од нивниот годишен приход. Директивата не се однесува на микро-претпријемачите, односно оние кои имаат помалку од десет вработени и помалку од два милиони евра приход годишно, но ги опфаќа компаниите кои работат надвор од ЕУ и ги пласираат своите производи на европскиот пазар.

Секако, можно е да ги вратат претходните етикети и тврдења, но откако верификационите тела ќе им дадат зелено светло. Иако фактот што Директивата не вклучува компании со приходи помали од два милиони евра (а такви се повеќето на домашниот европски пазар) може да ги обесхрабри купувачите, бидејќи и понатаму ќе има такви кои ќе можат да тврдат сè и сешто без никакви санкции, факт е дека во заблуда најмногу ги доведувале оние поголемите, па дури и лидерите во одредени индустрии.

Имено, меѓу големите, сериозни брендови има толку многу greenwasher-и што е тешко да не се запрашате како воопшто се осмелиле да го направат тоа. Тие инвестираа толку милиони евра во градење имиџ и стекнување на довербата на клиентите што е навистина неверојатно колку од нив избраа да ги злоупотребат добрите намери на потрошувачите да внимаваат на одржливоста.

Топ-листа на „зелени лажговци“

Британскиот портал The Eco Experts ги издвои најголемите greenwasher-и минатата година. Листата вклучува брендови како што се Ryanair, Amazon, Lufthansa, Keurig, гореспоменатата FIFA, Shell, па дури и Verra, најголемата организација во светот која продава сертификати на компании кои ги штитат прашумите со нивните производи и/или операции. Како што покажа истражувањето спроведено од британски Guardian и германски Die Zeit, дури 94 отсто од продадените сертификати не донеле никакво намалување на јаглеродниот отпечаток. Со други зборови, брендовите кои можеа да се пофалат со шумската сертификација на Verra, не направија ништо.

Интересно е што некои сериозни играчи како Disney, Shell, Gucci, EasyJet, па дури и бендот Pearl Jam, го купија сертификатот и на тој начин индиректно станаа greenwasher-и. Verra, се разбира, остро ги негираше сите овие наводи, но сè уште не обезбеди цврсти докази дека истражувачките новинари немаат право.

Компанијата Shell, пак, започна кампања во Велика Британија со вкупно три видеа во кои се тврди дека е „подготвена за чиста енергија“. Таа им објасни на потрошувачите дека поставува сè повеќе пунктови за полнење електрични автомобили и развива обновливи извори на енергија. Во исто време, таа со ниту еден збор не ги спомна фосилните горива, кои се основата на нејзиниот бизнис. Британската агенција за надзор на рекламирањето (ASA) ги забрани рекламите на Shell, затоа што компанијата ги довела во заблуда потрошувачите кои

поради кампањата можеле да помислат дека компанијата главно се занимава со обновливи извори на енергија, што, се разбира, не е точно.
Дополнително, фосилните горива предизвикале емисија на штетни гасови од 1,2 милијарди тони само во 2022 година, а минатата година Shell оствари рекорден профит од 39,9 милијарди долари од овој бизнис. Како што забележуваат експертите од порталот The Eco Experts, доколку Shell беше држава, таа ќе беше четврти најголем загадувач во светот.
И Amazon може да се „пофали“ со слични податоци. Имено, неговата иницијатива Amazon Aware, која е наводно еколошка и одржлива, беше прогласена за гротескна од зелените организации. The Telegraph спроведе истрага во која откри дека компанијата ги пакува во пластика оние производи што се божем поволни за климатските промени и потоа ги испраќа до клиентите оддалечени илјадници

И покрај фалбите на ФИФА дека Мундијалот во Катар во 2022 година е нејзиното прво јаглеродно неутрално натпреварување, истрагата покажа дека тоа воопшто не е точно, туку дека првенството ја загадило животната средина повеќе од било кое претходно одржано. Ова е еден од најеклатантните примери на “greenwashing” досега.

Компанијата Shell, пак, започна кампања во Велика Британија со вкупно три видеа во кои се тврди дека е „подготвена за чиста енергија“. Таа им објасни на потрошувачите дека поставува сè повеќе пунктови за полнење електрични автомобили и развива обновливи извори на енергија.

километри. Амазон во 2021 година призна дека само таа година испуштил 71,5 милиони тони CO2, што е повеќе од штетата што на животната средина ѝ ја направиле Австрија, Израел, Сингапур и приближно 150 други земји во светот.

Многу малку „green“, а многу повеќе „washing“

Минатата година, пак, американскиот производител на апарати и капсули за кафе Keurig беше казнет поради greenwashing. Брендот беше обвинет за лажно тврдење дека неговите капсули за кафе може да се рециклираат. Тужителите тврдеа дека некои локални центри за рециклирање не биле во можност да ги преработат производите на Keurig, па тие завршиле на депонии. Покрај тоа што оваа лага ја чинеше компанијата десет милиони долари (се спогоди со судот), таа се обврза на производите да наведе дека можноста за рециклирање треба да се провери на локално ниво, бидејќи во некои делови од светот и на нејзиниот домашен пазар, рециклирањето на капсулите не е можно (потребна е специјална технологија).

Овој пример потсетува на случајот со синџирот за брза храна McDonald's, кој помпезно воведе хартиени сламки во 2019 година, кои, како што се испостави, воопшто не можат да се рециклираат. Иако е спорно да се уништуваат дрвја за да се добие хартија, односно сламки од хартија, со овој потег McDonald's го докажа старото тврдење на еколошките активисти дека компаниите прават многу малку (некои дури и ништо) за заштита на животната средина и дека само се преправаат дека сакаат да го решат проблемот со некои дејствија, во овој случај загадувањето со пластика.

Земете го на пример популарниот синџир за брза мода H&M, чија линија „Concious“ нема речиси никаква врска со еколошката осветеност. Имено, во 2021 година, Фондацијата Changing Markets објави извештај според кој дури 60 проценти од „зелените“ тврдења на брендовите од индустријата на високата улична мода се погрешно наведувачки, а најмногу е запрепастувачки што дури 96 проценти од тврдењата на H&M воопшто не држат вода.

Така, додека не влезат во игра новите европски правила за манипулативен зелен маркетинг, земете го секое тврдење со резерва затоа што има многу малку green во целата приказна, а многу повеќе washing.

НАСКОРО ВО

business magazine Капитал

СПЕЦИЈАЛНИ ПРИЛОЗИ

КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ
12.04.2024

ТРАНСПОРТ И ЛОГИСТИКА
26.04.2024

ДОДЕКА АКЦИИТЕ ОД ТЕХНОЛОШКИОТ СЕКТОР РУШАТ РЕКОРДИ

ТИЛ, БЕЗОС И ЗАКЕРБЕРГ ПРОДАДОА АКЦИИ ОД СВОИТЕ КОМПАНИИ ВРЕДНИ СТОТИЦИ МИЛИОНИ ЕВРА

Питер Тил, Џеф Безос и Марк Закерберг ја предводат парадата на милијардери од технолошкиот сектор кои продадоа акции од нивните компании вредни стотици, па и милијарди долари овој квартал, што е сигнал дека неодамнешниот бум на берзата наскоро може да го достигне својот врв.

Како што пазарите достигнуваат рекордни нивоа, односот помеѓу корпоративната инсајдерска продажба и инсајдерското купување е на највисоко ниво од првиот квартал на 2021 година, според Verity LLC, аналитичка компанија која ги следи објавите за инсајдерски тргувања, објави Financial Times.

Продажбата на акции на почетокот на календарската година е вообичаена, а натрупаната побарувачка на почетокот на 2024 година е влошена поради тоа што акционерите минатата година избегнуваа продажба поради ниските проценки на вредностите на компаниите.

Јасен сигнал за останатите

Сепак, аналитичарите велат дека напливот оваа сезона бил изненадувачки и дека е показател дека неодамнешниот технолошки бум, поттикнат од возбудата поради порастот на генеративната вештачка интелигенција (ВИ), наскоро ќе исчезне.

„Ако мислат дека сме на врвот и затоа се извлекуваат од тоа, тоа е прилично јасен сигнал за сите останати“, вели Чарлс Елсон, шеф на корпоративно управување на Универзитетот Делавер во САД.

Многу од најголемите продажби овој квартал дојдоа од директори на технолошките компании. Питер Тил, ко-основач на групацијата за анализа на податоци Palantir, продаде 175 милиони долари во акции овој месец, според регулаторните поднесоци, што е негова најголема продажба од ослободувањето на 504,8 милиони долари од акциите на компанијата во февруари 2021 година.

Основачот на Amazon, Џеф Безос, во февруари продаде 50 милиони акции во вредност од 8,5 милијарди долари. Енди Џеси, извршниот директор на Амазон, продаде 21,1 милиони долари вредни акции оваа година, во споредба со 23,6 милиони долари во 2023 и 2022 година заедно.

Марк Закерберг, извршниот директор на Meta (Facebook), со години продаваше стотици милиони долари вредни акции на компанијата, но ја зголеми продажбата оваа година бидејќи акцијата достигна највисоко ниво на сите времиња. На почетокот на февруари, тој продаде 291.000 акции за 135 милиони долари, што е негова прва продажба од тој обем од ноември 2021 година. Тој сè уште има 13,5 отсто од акциите, што го прави најголемиот акционер.

„Ние гледаме на продажбата на корпоративни акции како на негативна податочна точка за која инвеститорите треба да бидат свесни“, вели Бен Силверман, потпретседател за истражување на Verity.

Кога директори продаваат многу акции од својата компанија никогаш не е добар знак

Тој додава дека особено во технолошкиот сектор „гледаме и голем број големи имиња (компании) на овој простор со инсајдерска продажба што не е типична“.

„Јасно е дека во моментов постои желба да се создаде ликвидност. Дел од тоа е застојана побарувачка по релативно тивката инсајдерска продажба во 2022 и 2023 година, а перформансите на пазарот се секако еден двигател“, вели Силверман.

Па така и Френк Слутман од Snowflake продаде 69,2 милиони долари вредни акции на почетокот на февруари, неколку недели пред да објави дека ќе ја напушти функцијата извршен директор. Акциите на софтверската компанија за бази на податоци паднаа за околу 29 отсто од денот кога тој го објави своето пензионирање. Slootman не беше основач на Snowflake, но дојде во 2019 година да ѝ помогне на компанијата да излезе на берзата.

„Инсајдерска продажба на големи количини на акции од страна на високи директори никогаш не е добар знак, тоа е многу едноставно. Ова значи дека тие нашле подобро место за распоредување на нивните средства од компаниите што ги водат“, вели Елсон од Универзитетот Делавер. ■■■

МАРК ЗАКЕРБЕРГ
извршниот директор на Meta (Facebook), со години продаваше стотици милиони долари вредни акции на компанијата, но ја зголеми продажбата оваа година бидејќи акцијата достигна највисоко ниво на сите времиња. На почетокот на февруари, тој продаде 291.000 акции за 135 милиони долари, што е негова прва продажба од тој обем од ноември 2021 година.

ЏЕФ БЕЗОС
основачот на Amazon, во февруари продаде 50 милиони акции во вредност од 8,5 милијарди долари. Енди Џеси, извршниот директор на Амазон, продаде 21,1 милиони долари вредни акции оваа година, во споредба со 23,6 милиони долари во 2023 и 2022 година заедно.

Како што пазарите достигнуваат рекордни нивоа, односот помеѓу корпоративната инсајдерска продажба и инсајдерското купување е на највисоко ниво од првиот квартал на 2021 година, според Verity LLC, аналитичка компанија која ги следи објавите за инсајдерски тргувања, објави Financial Times.

РУСКО-БРИТАНСКИОТ НОБЕЛОВЕЦ СО НОВО ГОЛЕМО ОТКРИТИЕ

НОВОСЕЛОВ И ТИМОТ ПРОНАЈДОА НЕВИДЕН ПОТЕНЦИЈАЛ ВО ДВЕ СОЕДИНЕНИЈА НА ЕЛЕМЕНТОТ РЕНИУМ

Нобеловецот Константин Новоселов кој учествуваше во создавањето на графенот заедно со Андре Гејм, направи уште едно откритие што може да инспирира бројни футуристички примени, од паметни контактни леќи до брзо откривање на сериозни болести.

Нобеловецот кој учествуваше во создавањето на графенот, направи уште едно откритие што може да инспирира бројни футуристички примени, од паметни контактни леќи до брзо откривање на сериозни болести.

Константин Новоселов, кој заедно со Андре Гејм ја доби Нобеловата награда за физика во 2010 година за откривањето на графенот, е еден од групата научници зад ова откритие. Истражувачкиот тим кој работи на проектот неодамна објави дека откриле уникатни својства во две необични соединенија: рениум диселенид и рениум дисулфид, попознати како ReSe2 и ReS2.

Станува збор за дуо што потекнува од истото семејство на 2D структури како и графенот - најтенок, најцврст и термички најспроводлив материјал за кој е познато дека постои. ReSe2 и ReS2 исто така имаат посебни атрибути. Двете соединенија

можат да создадат нова форма на манипулација со светлина, која има огромен технолошки потенцијал.
Како и многу научни откритија, овие својства биле откриени случајно. Научниците работеле со стартапот Xpance на следната генерација на компјутерски интерфејси: паметни контактни леќи кои создаваат бесконечна проширена реалност.
За да се исполни оваа голема амбиција, на леќите ќе им требаат извонредни оптички перформанси. Во Xpance се сомневал дека ReS2 и ReSe2 може да ја обезбедат основната моќ, а потоа ја тестирале хипотезата во лабораторија во Дубаи. Откриле дека материјалот е помоќен отколку што очекувале.

Нов начин за паметни уреди и апликации за управување со светлината

Новоселов ги опиша лабораториските наоди како „револуционерни".
„Нашиот тим направи возбудливо откритие. Оптичките оски во овие материјали може да се поместуваат во различни насоки, дури и да се ротираат за повеќе од 90 степени за одредени компоненти. Тоа значи дека со прилагодување на брановата должина, можеме да ја смениме насоката на светлината. Ова откритие има значителен потенцијал за различни индустрии и апликации, како што се медицината, вештачката интелигенција и AR", изјави Новоселов за The Next Web.
Студискиот труд за истражувањето неодамна беше објавен во списанието Nature Communications, но амбициозниот стартап веќе планира комерцијални апликации на новооткриените соединенија.
Имено, ReSe2 и ReS2 нудат нов начин за паметни уреди и апликации за управување со светлината. За Xpance, ова дефинитивно го отвора патот за спојување на секој гаџет во едно неограничено видно поле - така што со инкорпорирање на двата материјали во паметните контактни леќи, овој стартап може (или барем планира) да ја зголеми човечката перцепција за боите.
Оптичката надградба може да подобри и различни апликации, од XR до следење на здравјето со помош на апликации. И тоа е само почеток.

Можности за рано дијагностицирање на болести

Xpance сака да ги користи новите материјали за напојување на биохемиски сензори кои, меѓу другото, би можеле да овозможат побрзо и поевтино тестирање на крвта. Таквите сензори користат техника наречена Раманова спектроскопија, која користи ласери за да ги анализира хемиските структури. Инаку, тоа е пристап кој изгледа ветувачки за рано дијагностицирање на болеста, но е и многу скап и технички сложен.
Со овозможување на нова форма на интеракција светлина-материја, ReS2 и ReSe2 би можеле да ги намалат овие трошоци и да ја подобрат ефикасноста.
„Се очекува значително да се намалат трошоците поврзани со болничката опрема за тестирање на крвта, која во моментов е прилично скапа. Ова исто така ќе овозможи откривање на опасни болести и вируси, како што се ракот или КОВИД, во раните фази", вели Валентин Волков, украински научник, ко-основач на Xpance.
Друга потенцијална примена на новите материјали може да се покаже плодна во светот на компјутерите и вештачката интелигенција. Истражувачите предвидуваат дека ReS2 и ReSe2 би можеле да се користат во фотонски кола кои ќе создадат брзи и моќни компјутери за машинско учење.
Сепак, заклучуваат од Xpance, треба уште многу работа за да се претвори таа визија во реалност, но иднината веќе изгледа посветла за носителите на контактни леќи.

Книгата е еден вид враќање кон себе, поточно да не се заборавиме самите себеси во постојаната динамика и да не останеме во тркалото што ги премотува чувствата на луѓето со центрифугална сила, туку да запреме малку, да се одмориме од многу нешта и да уживаме во слободното време што го имаме пред нас.

INTERVIEW

КРИСТИНА КРАЛИЧИН

писателка и поетеса

ВО БРЗАТА РЕКА НАРЕЧЕНА ЖИВОТ, КНИГАТА Е КАМЕНОТ ЗА ОДМОР, ПАУЗА ЗА ДУШАТА ИЛИ ПАК МОСТОТ СО КОЈ СЕ ПОВРЗУВААТ СЕТИЛАТА

Писателската дејност на писателката Кристина Краличин сама по себе значи инспирација. Инспирирана од природата, од луѓето, од внатрешната содржина на сè што е видливо и невидливо за човечкото око. Краличин ги црпи темите од непресушниот извор на животот и таа своја инспирација несебично ја предава на читателите обликувана во формите на моралната естетиката на пишаната реч, во декорот на длабочината на мислата и моќта за досегање на мистиката во нано космосите на душевните пространства. Таму каде се протега најдлабоката интима на постоењето Краличин го надминала лимитот на времето и на просторот со успешност на автор кој ги оживува своите ликови во делата и кои говорат само кога се разбира нивниот начин на обраќање. Пред околу еден месец, Краличин промовираше два нови романа, „Денот пред да се стемни“ и „Последна шанса за втора клапа: сценариото на немиот сведок“, кои се во издание на „ИД-концепт/Чудна шума“.Промотори беа Ермис Лафазановски и Билјана Црвенковска, која е уредник на издавачката куќа „Чудна шума“. Делови од романите читаше актерката Дарја Ризова.

„Ова е едиција од 14 романи кои меѓусебно се поврзани на еден специфичен и невообичаен начин. Нишката што ги поврзува е во самата содржина на романите, иако темите, ликовите и времето на настаните се различни“, кажа Краличин на промоцијата.

Со неа разговаравме околу самата нејзина замисла за серијалот, инспирацијата за ликовите во него, како и за тоа што мисли за читачката култура во Македонија и за шансата што им се дава на младите домашни писатели.

▶ Книгите се наменети за читателската публика. Дали во нашата земја постои навика за читање и дали секој што е љубител на убаво пишаниот збор има можности да купува книги? Какви се можностите на едно просечно семејство да допринесе за збогатување на својата домашна библиотека? Освен тоа, каква публика вие лично таргетирате со Вашите дела?

Книгата е основа за развојот на културата на една земја. Ако тргнеме од фактот дека секое поле во сите области на општествениот живот, без исклучок, започнува да се формира и да се гради преку пренос на знаење од книгите, тогаш читањето претставува обврска за човекот. Без книгите не би постоел општествениот систем во таа форма во која го знаеме денес што укажува на постоење навика за читање книги кај населението, но тоа не го прецизира точниот процент за читање на белетристика. Љубителите на убаво пишаниот збор ја познаваат добро максимата дека од книгата само можете да добиете нешто ново, никогаш не можете да загубите.

Околу прашањето дали едно просечно семејство во нашата земја има финансиски можности да ја збогатува својата домашна библиотека, би дала потврден одговор, бидејќи денес на пазарот ако ги споредиме цените на производите за широка потрошувачка и цените на книгите како производ, можеме да заклучиме дека книгите се достапни и поволни за читателите од финансиски аспект. Мислам дека секој може да купи книга што тематски го интересира. Кога ја имаме книгата пред себе, таа е готов производ, а секој производ е сублимација на процеси што стојат зад неговото креирање и создавање. Значи во позадина стои авторот што го создал тоа дело, а понатаму следи процесот на реализација за мислите да преминат во печатена книга. Тука спаѓаат материјалните трошоци поминувајќи низ патот на издаваштвото, дизајнот, печатењето, пласирањето на пазарот итн. Со оглед на трошоците кои се потребни за да се создаде една книга, мислам дека цената е адаптирана според куповната моќ на населението, а не според нејзината реална вредност.

Кога станува збор за моите прозни дела, тие припаѓаат во популарна фикција, а разработуваат различни тематики навлегувајќи во повеќе домени на општествениот и социјалниот живот со описи на места кои реално постојат. Моите книги изобилуваат со реални податоци од многу области, независно што ликовите се позајмени од мојата имагинација. Затоа би рекла дека немам таргетирана група на читатели, бидејќи секој може да се пронајде во нив.

▶ Во напливот на брзо достапните информации, на луѓето им се на дофат најразлични облици на пишани текстови, зошто човек денес би посегнал да прочита печатена книга, кога знаеме сите ние дека динамиката на животот го ограничува слободното време на човекот. Освен тоа, во битката за професионално усовршување, каква литература Вие би преферирале, дали за онаа која е поврзана со работните ангажмани и професионални определби кај луѓето или модерната популарна фикција која не е во тесна врска со нивните интереси? Која е разликата кога станува збор за исполнување на слободно време кај читателот, што според вас е поквалитетно за да му се даде внимание?

Точно е тоа дека динамиката на живеење не дозволува многу слободно време и во тоа слободно време повторно мошне динамично се воспримаат информации на брз, лесен и достапен начин преку интернетот или социјалните мрежи. Сепак, разликата меѓу тие достапни информации и читањето книга е во многу нешта голема. За да се чита книга се бара интимен простор, свое мирно катче, се бара одредена изолација од светот, додека за протокот на информации по електронски пат, тоа не е потребно. Во надојдената вода од денешната брза река наречена живот, јас би рекла дека книгата е каменот за одмор, пауза за душата или пак мостот со кој се поврзуваат сетилата. Поинаков е аспектот за пристап. Книгата напротив може да претставува и своевидно прибежиште од секојдневниот замор, стресот или притисокот што го чувствуваме. Таа, ако има висок праг на квалитет, може да ја подобри и здравствената состојба на луѓето што се наоѓаат под постојан стрес. Може да го разбуди заспаното чувство за естетика на речта, да ја промовира слободата на мислата, да го визуализира пишаното на свој автентичен начин, да ја разбранува возбудата под струните на виолината од срцето.

На делот од прашањето што се однесува на изборот помеѓу стручна, научна литература, не-фикција и фикција, човекот навистина е потребно да се усовршува во својата професионалност, да чита литература што е поврзана со неговиот напредок на знаењата што ги поседува за одредена област, но исто така, мора да помисли и на себе, на своите лични потреби за одмор, за вистинска релаксација. Чинам дека книгата е спортот за душата како што е физичкиот спорт за телото. Или пак, читањето книга би го споредила со умствена фискултура. Во нашиот живот, во нашето постоење, потребно е да имаме простор што треба да си го дадеме самите на себе. Освен тоа, научно е докажано дека преку читањето мозокот е повеќе активен и ја подобрува меморијата и концентрацијата, па дури и се препорачува кај луѓето кои имаат тешкотии во комуникацијата со другите луѓе. Книгата е еден вид враќање кон себе, поточно да не се заборавиме самите себеси во постојаната динамика и да не останеме во тркалото што ги премотува чувствата

на луѓето со центрифугална сила, туку да запреме малку, да се одмориме од многу нешта и да уживаме во слободното време што го имаме пред нас.

▶ Можете ли да ни кажете нешто повеќе за Вашиот осмислен серијал на прозни дела? Колку романи ќе има и како се поврзани меѓу себе?

Уште кога го пишував првиот роман „Дното на моето небо“ се роди идејата за серијалот, кој вкупно ќе брои 14 романи. Поточно првиот роман е нивниот стожер. Со хероината на романот го отворам серијалот, а со неа како главен лик ќе го затворам последниот роман од серијалот во кој ќе го обелоденам нејзиното име и подлабоко ќе го претставам нејзиниот живот и лик. Надвор од таа временска дистанца првиот и последниот роман се всушност една засебна целина. Хероината е претставена во „Дното на моето небо“ како писателка на овие романи што јас ги пишувам. Воедно во секој роман се зачнува насловот, како и дел од темата на наредниот роман, што значи тие се поврзани во самата содржина иако се комплетно различни. За разлика од серијалите кои се основаат врз одредена нишка или заедништво, што ги среќаваме во досегашната литература или пак се реализирани преку филмското платно, моделирани се преку една врска, а тоа најчесто е еден лик или група на лица поврзани пример фамилијарно, во друштво или на друг начин. Секако има и серијали кои се врзуваат за дадена локација, може тоа да биде место, град, институција, на пример болница, училиште, полициска станица, ресторан итн. Исто така, има серијали кои се поврзуваат со факторот време, на пример се пишува за писатели, сликари, познати фамилии или историски настани кои се случиле во одреден период. Серијалите, често пати, се врзуваат и со одредена тема. Но, овој мој серијал е поинаков од сите што се среќаваат досега, од причина што не се врзува во ниту еден сегмент за стандардите на постоењето на серијалите.
Кај мене во делата, ликовите не се исти, локациите, исто така, се сосема различни, аспектот на темата е различен, а временскиот период е димензија која се движи во сите правци. Сакам да кажам дека романите се меѓусебно поврзани на цврст и кохезивен начин во повеќеслојна структуралност. Освен тоа, самиот серијал има различни нивоа, ликовите и настаните се едно ниво, друго ниво се нивните дела како нишка на поврзување, а над

Кристина Краличин е книжевен глас кој и припаѓа на најновата македонска генерација на писатели, со богата, стилски облагородена и автентична писателска наративија. Нејзините дела претставуваат многуслојна ризница на силни филозофски, психолошки и културолошки аспекти на животот, интерпретирани во повеќезначајна јазична структура.

Дипломира на Филолошкиот факултет „Блаже Конески“ во Скопје, на Катедрата за италијански јазик и книжевност и американски студии, проучувајќи ги италијанската и американската култура и книжевност.

Автор е на две стихозбирки „Патот на душата по зборот што гори“ и „Poetry as a Perfect Entity: The Ethical Dimension of Life: Verses of the Essence“ на англиски јазик, една збирка раскази и поезија „Collection of Poems and Stories: Love the Differences“ на англиски јазик која е преведена и објавена на италијански јазик „Raccolta di Poesie e Racconti: Ama Le Differenze“, на три романи „Дното на моето небо“, „Денот пред да се стемни“ и „Последна шанса за втора клапа“. Добитник е на меѓународни награди, меѓу кои и интернационалната „Concorso Internazionale “Il Parnaso” – Premio “Angelo La Vecchia” VIII Edizione 2022/23“. Дел од нејзините песни се влезени во две антологии издадени во Италија.

Има објавено повеќе статии и колумни во италијански портал, како и серија мотивациски текстови.

тоа ниво е анонимната писателка што ги пишува и поврзува сите нив како нејзини дела. Оттука започнува дното на градењето, што всушност е небо од чии висини се поставуваат самите основи и темели на романите. Така, последниот роман всушност истовремено е прв во серијалот според логиката на временските дејствија. Еве како тоа би го објаснила: Главниот лик Роберт Хил од „Денот пред да се стемни“ ги чита првите страници на новиот роман „Последна шанса за втора клапа“, каде младиот сценарист Тери Милер е главен лик. Дејствијата на двата романи се сосема различни, но на еден начин би рекла дека во временската рамка на случувањата се преплетува времето губејќи ја својата значајност за минато, сегашност и иднина. Ако Роберт Хил кој е лик од првиот роман на анонимната писателка чита за ликот Тери Милер кој е од нејзиниот втор роман, во имагинарниот свет на постоењето на двата романи, Тери Милер веќе се случил што значи е претходник на Роберт Хил. Тоа значи дека имаме обратно пропорционално време на настани. Тоа е временска димензија што се пречекорува поинаку од стрелките на часовникот на што сме навикнати. Кога би ја претставила шемата во 3D дијаграм (дрво на романите), ќе наидеме на испреплетени гранки кои влегуваат едни во други во различни временски зони, а сите потекнуваат од едно исто стебло. Значи тоа е еден серијал што постепено ќе се разоткрива пред очите на читателите и јас овој серијал би го нарекла крупен проект во кој моите ангажмани на пишувањето ќе бидат на врвно и завидно ниво.

▶ Како досегашното искуство влијае на вашите идни дела? Дали има нешто што беше замислено поинаку, а сега се менува откако ги имате в раце овие романи, или, можеби по реакциите што ги добивате од читателите?

Точно е тоа дека досегашното искуство влијае на моите идни дела. Едноставно кажано, пишувањето роман е искуство. Кога постои концепт, основа, план за да се реализира тоа дело во завршен изглед, искуството не го носиме во себе со почетокот на тој процес. Јас ја имам содржината на романот во главата, но ја немам неговата конечна форма со деталите, стилското изразување, аспектот на набљудување и опишување. Пишувањето романот е процес низ кој самиот писател минува за прв пат. Секое ново дело со нова тематика, бара минување по тој пат за прв пат! За да проникне во с'ржта на настаните што треба да ги опише писателот никогаш не е сам и не мирува. Тој другарува со своето дело, комуницира, размислува на него постојано. Да даде име, лик, карактер, главна улога, животна ситуација, сплет на настани и ликови, писателот мора да знае како да излезе од сопствената кожа и да се внесе во туѓата. Да чувствува заедно со него, да плаче или да се смее, да води разговори меѓу него/неа и другите ликови во романот, да се стави од онаа спротивната страна на себе си.

Видеокругот, т.е. видното поле на писателот е огромно, тоа има длабоки и непознати простори кои допрва треба да ги разоткрива и да ги запознава самиот тој. Тоа не е ни малку лесна работа. Понекогаш имам чувство дека работам повеќе од 24 часа дневно. За писателот нема одмор. Тој го спознава своето дело преку личниот пристап на размислување уште пред да почне да го оформува, потоа следи самата реализацијата, а на крај и промоција на тоа дело. Како што реков во една пригода, книгата има крв, циркулација, пулсира невидливо помеѓу зборовите, но многу опипливо – тој нејзин живот многу зависи од реакцијата на публиката со други зборови – писателот и публиката комуницираат преку книгата!

▶ Тргнувајќи од тоа дека вие сте писателка, дали жените се главните ликови во вашите романи и какви жени вие опишувате. Дали станува збор за жени што се активно вклучени во општествените процеси во една земја, земајќи ја во предвид улогата на жената во различните сфери на животот. Какви се нивните идеолошки определби или поточно за каква цел се борат вашите хероини?

Во мојот прв роман „Дното на моето небо“ главниот лик е жена која поминува еден временски краток, но тежок период поради изгубените два клучни сегменти во нејзиниот живот на приватен и професионален план. И кога жената е во очај, и кога се руши нејзиниот сон како кула од карти за успешен живот на една млада и амбициозна личност, кога има чувство дека е оставена сама без да има поддршка и разбирање, тогаш таа сфаќа дека мора самата да се избори со духовните стеги што ги чувствува длабоко во себеси. Ништо друго не и преостанува освен да се фати во тесна борба со своите чувства. Најпрво, да ја прифати болната вистина како реална загуба во нејзиниот живот и да најде сили да се помести од таа точка од каде нема начин како да продолжи понатаму да чекори.

Романот е длабока психолошка драма што се одвива пред сé во нејзината глава, а што читателот може да ја почувствува како дел од себе, бидејќи романот е пишуван во прво лице. Ги отфрла лажните надежи, ги анализира ситуациите што ја довеле до таквата точка на стојалиштето и пронаоѓа во себе нова сила да издржи во напорот повторно да застане на нозе, без да преземе погрешни чекори што би ја довеле побргу до амбисот на своите морални вредности. На тој начин, жената во овој роман е мислител, добар аналитичар, има широки видици за сфаќањето на животот, нејзините погледи за животните прашања се преставени преку сопствените мисли на еден модерен, софистициран и самокритичен женски лик.

Како што сме сите ние луѓето различни меѓу себе, така и застапеноста на ликовите и нивните карактери во романите се различни. Животот е склоп од многу нешта, тој е состав на горчливото и слаткото истовремено, на лошото и на доброто. Опишаните женски ликови што се среќаваат во романите ги носат карактеристиките на нашата современост, на ова денешно време во кое се наоѓаме. Жените можат да придонесат многу кога се безрезервно вклучени во општествениот систем и институционалниот поредок. Тие се способни да реализираат многу планови во професионалниот ангажман, да го подигнат прагот на квалитетот во работата, да ги изнесат своите ставови и да внесат креативен дух во својот делокруг на делување. Не е во ред човекот да се цени според одредени физички карактеристики, туку според тоа каков е неговиот потенцијал за да се вложи во одредена работа.

За разлика од првиот роман, во другите два романи главните ликови се мажи кои имаат свои животни патеки. Секој писател за да се стави во машка или женска улога пред сé мора да биде добар психолог, но секако и да поседува висок степен на емотивна емпатија кон луѓето за да ги разбира нивните проблеми или тешки ситуации на кои наидуваат. Со други зборови, писателот мора да сочувствува со своите ликови на еден реален начин и точно да умее да ја процени објективната состојба во која тие се наоѓаат, како и нивната објективна субјективност, колку и да звучи тоа чудно.

Во првиот роман главен лик е Роберт Хил. Во вториот роман главен лик е Тери Милер. Иако се многу различни имаат и заедничка црта, а тоа е фактот дека и двајцата го вложуваат својот максимум на работните места. Но, би сакала да извадам на површина една од модерните теми што се среќава во романот „Денот пред да се стемни“, односно мобингот на работното место што го доживува ликот Роберт Хил. Тој мобинг врз него го врши директорот на фирмата каде што се вработува,

што всушност е жена. Станува збор за една исклучително интелигентна личност која си поигрува со чувствата на Роберт, вршејќи му мобинг, и тоа сексуален.

Зошто токму тоа прашање го одбрав за дејствие во романот? Мобингот е мошне сериозна тема. Тој е огромен притисок под кој личноста може да попушти и да се „скрши“, а пред сé психички. Едноставно, човек може најлесно да падне во очај кога се наоѓа во тесниот и болен простор на клештите што го држат цврсто и стегнато, без да има начин за самоодбрана од нив. Воедно, мобингот најтешко и се докажува.

Во последно време мобингот е тема за која не се зборува толку гласно и отворено, можеби и од овие наведени причини. Ретко кој се осмелува да ја признае таа тешка состојба во која се наоѓа. Мојата тенденција беше преку тежината што Роберт ја чувствува на работното место да ги натерам и мажите да помислат како им е на жените кога се судираат со таков проблем. Звучи обратно, но тоа беше и мојата перспектива на гледање и приоѓање кон тој психолошки аспект. Преку еден машки лик, одблизу да ја почувствуваме улогата на жртвата која станува марионета со која си поигрува оној од кого зависи на работното место. Но, од друга страна, Роберт Хил е еден позитивен човек, поточно позитивен машки лик за кој сум сигурна дека ќе ги освои симпатиите од читателската публика, пред сé заради неговата добронамерност, чесност и трудољубивост. Тој е пораснат со самохрана мајка што неизмерно ја сака. Значи застапена е и љубовта на мајката во романот, како стожер на семејството. Роберт ја почитува жената и нејзината важна улога во животот. Тој е неуморен трагач по вистинската љубов, по жената што може да го исполни неговиот живот на правилен начин.

Во моите романи среќаваме способни жени во разни области: жени во медицината, новинарството, жени што работат во филмската продукција, актерки, костимографи, понатаму жени во науката, жени стручни во археологијата, палеографијата, физиката, па дури и во спортот, како што е сурфањето на вода, итн. Во моите романи застапени се многу ликови и тоа ги прави богати и комплексни. Ако во драмите имаме кулминација и заплет по чија највисока точка следува расплет, во овие романи слоевитоста на содржината создава повеќе заплети, а расплетот е оној пат по кој минуваат главните ликови и токму тој пристап ги прави романите возбудливи, интересни и прецизно осмислени.

▶ Дали имате одредени сознанија бидејќи со интензивен чекор навлеговте во полето на книжевноста, какви автори кај нас повеќе се застапени во нашата земја и дали е дадено доволно простор за нашите млади писатели, дали ќе го оправдаат својот квалитет пред читателската публика? Кога станува збор за млади, но силни и автентични автори како да се придобие довербата кај луѓето дека станува збор навистина за квалитетна книжевна творба?

Прашањето Ви е на место, бара повеќеслоен одговор, затоа што слоевитоста се содржи во самото прашање. Пред да го образложам моето мислење, би направила една парабола како куса метафорична претстава за тоа што сакам да го кажам околу состојбата на младите квалитетни автори во нашата земја. На пример, ако сте земјоделец и имате поле на кое одгледувате овошје, на тоа поле освен овошје, расте и плевел. Плевелот расте, а земјоделецот тоа не го посакува од проста причина што му штети на овошјето. Плевелот не го менува изгледот на овошјето, бојата или вкусот, но го гуши во просторот со тенденција да го исуши. За жал, по некое непишано правило, плевелот е многу поагресивен од овошјето во својот раст. Зошто го кажувам сето ова? Во полето на книжевноста, квалитетот и неквалитетот заедно растат. Сите ние заедно немаме полза од тоа ако плодот се исуши заради присутноста на дивиот плевел, посебно кога критичката мисла во книжевноста е застапена во мал сегмент, или пак, воопшто не постои. Тогаш, сé никнува

Писателката Кристина Краличин на фотографиите за ова интервју е облечена во креации на Елена Лука.

и сé расте и нема методологија за прочистување на теренот. На тој начин, зборувам општо, читателот се доведува во една незавидна ситуација да биде прочистувач на плевелот. Земјоделецот лесно ја препознава црвената јагода на дневна светлина, но во мрак не може да ја пронајде.

Тоа се случува и во полето на книжевноста. Читателот не може да ја види содржината на книгата, пред да ја прочита додека ја купува, бидејќи таа е затворена во крвотокот низ нејзините страници. Тој, како и земјоделецот во мракот во оваа парабола, може да одбере книга што ќе го привлече поради насловот или корицата, но сепак ќе остане „гладен“. Постојат читатели кои ја оставаат книгата недочитана разочарани од нејзината содржина. За да се задржи вниманието на читателот, писателот не треба само да напише книга или да ја осмисли по своите нормативни вредности на мислата, туку треба да умее да понуди квалитетно четиво. Има книги што можат да понудат многу, а и секако книги кои немаат што да дадат. Книгата пред сé треба да биде литературно издржана, сакам да речам - писмено напишана, иако се судираме со книги што не се граматички точни и не го застапуваат богатото стилско изразување.

Сето ова го велам со доза на болка, бидејќи и јас пред сé сум читател. Во мојата наобразба на Филолошкиот факултет во Скопје, не сум учела само за начинот на правилното пишување во книжевноста, туку сум прочитала и многу книги од ризницата на познатите писатели низ историјата во Италија и САД чијашто книжевност ја проучував, за време на студиите на Катедрата на италијански јазик и Американски студии. Низ моите раце поминале делата на великаните на перото од тие земји, но секако и пошироко во светски рамки. Не смееме да дозволиме читателот да ја „прочистува“ книжевноста на ова тло, бидејќи ќе се откаже од намерата за купување книги со текот на времето. Потребна е здрава критичка мисла од страна на соодветен ентитет што ќе успева да го намали нередот предизвикан од плевелот на тлото на пишаната реч. Во „опстанокот“ на писателите, многу е важен индивидуалниот пристап, но и прифаќањето на авторот од страна на публиката, бидејќи писателот треба да ја прифаќа публиката на која тој и се посветува преку пишаното дело.

Се работи за заемно прифаќање, во книжевноста не постои еднонасочност. Секој писател оди по својот пат, создава релации што му одговараат со различна структурална вредност и опстанокот во книжевноста различно го трасира. Нема дефиниција, нема формат, нема модел како нешто треба да се направи и кој е патот до успехот. Од големо значење е и тоа од страна на писателската фела да им се даде поддршка на квалитетните млади автори. А за тоа никако не смее да преовладува субјективниот суд поради некакви интереси, туку објективната вредност што тој автор ја носи во себе. Кога се пишува, се твори со целото свое битие, се пренесува своето учење кон другите и се одзема многу од своето време. Пишувањето значи давање, како давање дел од себе. Секоја книга е автентичен печат на отпечатоците од прстите на писателот. Книгата на секој писател му го одредува нивото на кое се наоѓа. Тоа што писателите го оставаат зад себе, е нивната лична карта по која ќе бидат препознаени како творци во книжевноста. За мене тоа значи цел за која сум свесна дека бара многу вложувања.

НОВ ПРОИЗВОД

Chocolate Sea Shells Bar

SPEEDMASTER MOONWATCH CANOPUS GOLD™
Co-Axial Master Chronometer

PRECISION

Our attention to detail is evident in everything we make. It took our skilled watchmakers years to create this delicate dance of levers, jewels, and wheels. OMEGA's extraordinary Co-Axial Calibre 3861. The power source of the 42 mm Speedmaster Moonwatch in 18K Canopus Gold™, which allows a clear view of the movement in action through the caseback. As a certified Master Chronometer, it also comes with the world's most transparent test results. That's our uncompromising approach. That's OMEGA precision.

Ω
OMEGA

Bożinowski

#Precision